ОПШТИНА НОВО СЕЛО
Бр. 04-3711/2
25.11.2025 год.
Ново Село

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 22 од Законот за работните односи и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор, Градоначалникот на општина Ново Село објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС бр. 3/25

за вработување на работник на неопределено работно време во општина Ново Село

Општина Ново Село има потреба од вработување на 1 (еден) работник на неопределено работно време за следното работно место:

1. УПР0403А02001-Возач- 1 (еден) извршител, во Одделението за правни, општи работи, јавни дејности и управување со човечки ресурси

Општи услови за работното место:
-да е државјанин на РСМ
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
-активно да го користи македонскиот јазик
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

Посебни услови за работното место :
- средно образование (сообраќаен или машински смер)
- возачка дозвола ,,Б,, категорија
- со или без работно искуство во струката.

Работното време е од понеделник до петок, 8 работни часови од 7:30 до 15:30, 40 часа неделно , а основната нето плата изнесува 26.878,00 денари.

Кандидатите за горенаведеното работно место покрај пријава (која можат да ја испечатат од веб страницата на Општина Ново Село или да ја подигнат од архивата на Општината) се должни да достават и соодветни докази во оргинал или копија заверена на нотар во однос на општите и посебните услови и тоа:

-кратка биографија –CV
-уверение за државјанство
-лекарско уверение
-диплома за завршено образование
-уверение дека со правосилна пресуда не е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност
-доказ за работно искуство од АВРМ

Бараните документи да се достават хартиено по пошта или во архивата на Општина Ново Село на адреса ул. ,,Мануш Турновски,, бр. 13 а -Ново Село.

Огласот трае 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето , а изборот на кандидатот ќе се изврши во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување.

При административната селекција ненавремени и некомплетни документи нема да се разгледуваат.

Тел. за контакт 034 355-202.

Општина Ново Село
Градоначалник,
Божинов Ѓорѓе